РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2608/4
24-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 55-тата седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-2608/1 од 28.07.2021 година против одговорни лица во ---------во ---------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи на надлежно постапување предметниот случај од причина што постапувањето и распоредувањето на работните обврски и задолженија во институциите не е во нејзина надлежност.

Предметот со број 12-2608 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, ------------ вработена во ------------- во -------------- на ден 28.07.2021 година, преку веб апликација за пријавување на корупција поднесена е пријава и оформен е предметот со број 12-2608 од 2021 година.

Во пријавата пријавителот наведува дека направил одјава од платфотмата за Единица за јавни набавки на веб страната на Бирото за јавни набавки и престанала со внесување на фактури во кварталните евиденции од причина што, како што е наведено во пријавата имало ,,поништување на веќе внесени фактури во Модулот на кварталните евиденции" за што го известила усно одговорното лице.

Наведено е дека известувањето до ДКСК го испраќа врз основа на член 35 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор.

Бидејќи пријавата не содржеше доволно податоци за да се постапи во врска со надлежностите на ДКСК, на електронската адреса (--------------------@yahoo.com) од каде што и е добиена пријавата, испратено е Барање за доставување на дополнителни податоци во врска со пријавата со бр. 12-2608/2 од 13.08.2021 година, со цел истата да се дополни.

До Државната комисија за спречување на корупцијата по пошта е доставена документација од страна на ------------во -------------- како одговор на барањето, со бр. 12-2608/3 од 19.08.2021 година, во кој е наведено дека нивната вработена, во случајот пријавител, се обратила со писмено барање до в.д. Директорот и до Управниот одбор во кој бара да биде изземена од работните обврски со јавните набавки поради здравствени

причини, а не како што е наведено во пријавата дека станува збор за проблем при внесување на квартална евиденција во системот на ЕСЈН.

Во прилог на одговорот е доставена и копија од Известувањето поднесено од пријавителот до ------------------- ------------- во својство на нејзин работодавач со кое се потврдуваат укажувањата од страна на ---------------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека се работи за постапување во планирањето и распоредувањето на работните обврски и задолженија во институциите, како и бидејќи пријавителот како податок за комуникација ја посочил официјалната е-маил адреса на институцијата во која е вработен, односно ---------- од ----------, а пријавата нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до
- подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изготвил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК